За нас

ЕВН Електродистрибуција е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Македонија. На македонскиот пазар компанијата влезе во 2006 година како дел од групацијата EVN која е активна во 21 држава во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Нашата најзначајна цел е сигурно и квалитетно снабдување на корисниците со електрична енергија по конкурентни цени.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

# SAP ЕКСПЕРТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ (М/Ж)

### Опис на работните задачи

- Професионална поддршка на домашни и меѓународни проекти во рамките на ЕВН групацијата.
- Анализа, спецификација, концепција и оптимизација на IT проекти од областа на Business Intelligence
- Управување со кориснички барања во рамките на деловните Оддели
- Развој, модификација, одржување и поддршка на custom извештаи
- Осигурување на систем на квалитет и негово документирање (креирање и одржување на техничка документација за различни системи, услуги и бизнис процеси вклучувајќи ги датабазите и процедурите за извештаи)
- Помош при прегледување, консолидирање и намалување на разликите во податоците
- Лоцирање и дефинирање нови можности за подобрување на процеси
- Соработка со екстерни компании за поддршка и одржување, спецификација на барањата, надзор на развој, како и тестирање и интеграција со други апликации.
- Обучување на крајни корисници

### Потребни квалификации и лични карактеристики

- Докажано работно искуство како data/reporting аналитичар
- Техничко искуство со податочни модели
- 3-5 години искуство во развој, прилагодување и имплементација на BI алатки (познавање на SAP BI/BW ќе се смета за предност)
- Искуство во пишување на упити, креирање на извештаи и презентирање на резултати
- Познавање на процесите на деловните Оддели

### Компетенции

- Интеграција на информации од различни податочни извори
- Силни аналитички вештини со способност за собирање, организирање, анализа и дистрибуирање на значајно ниво на информации со прецизност и внимание на деталите
- Насоченост кон резултати
- Висока организираност
- Фокус на одлична интерна и екстерна комуникација со клиенти
- Способност за менаџирање на повеќе проекти од различни функционални области истовремено

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН Македонија, на jobs.evnelektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо, или потполнете ја електронската апликација на нашата интернет-страница www.evn.mk.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување (https://www.evn.mk/Careers/OnlineApplication.aspx)

ЕВН Македонија, Оддел за човечки ресурси
www.evn.mk, jobs.evnelektrodistrubucija@evn.mk